Република Македонија
Општина Могила
Бр. 03-889/1
14.12.2020 год.

Врз основа на член 50, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/2002) Градоначалникот на општина Могила објавува:

**КОНКУРС**
**за доделување стипендии на редовни студенти запишани на додипломски студии од прв циклус на јавните и приватните универзитети и високообразовни установи во Република Северна Македонија за студиската 2020/2021 година**

## I. ВОВЕД

Општина Могила за студиската 2020/2021 година ќе додели стипендии на редовни студенти од општина Могила, запишани на додипломски студии од прв циклус на јавните и приватните универзитети и високообразовни установи во Република Северна Македонија.

## II. УСЛОВИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТИПЕНДИЈА

1. Право на стипендија имаат кандидатите кои студираат на додипломски студии од прв циклус на јавните и приватните универзитети и високообразовни установи во Република Северна Македонија, а ги исполнуваат следните услови:
2. Да се редовни студенти од I година, кои во текот на средното образование постигнале континуиран одличен успех;
3. Да се редовни студенти на повисоките години кои постигнале особено висок успех во учењето, и тоа:

- да имаат постигнато најмалку 7,00 просечен успех од I-та до тековно запишаната студиска година;
- Да не повторувале година во текот на студирањето;

4. Да не се корисници на стипендија од други установи, институции или фирми;
5. Да се државјани на Република Северна Македонија и жители на општина Могила.

## III. КРИТЕРИУМ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТИПЕНДИИТЕ СЕ:

- Постигнат успех од претходните студиски години до тековната 2020/2021 година за сите студиски програми.
- Студентите кои немаат положено најмалку 80% од предвидените испити за претходните студиски години нема да бидат рангирани. За студенти кои студираат на јавните и приватните универзитети и високообразовни установи каде што вкупниот број на предвидени испити за една студиска година е помалку од 10 (десет) испити, за критериумот да имаат положено најмалку 80 % од предвидените испити ќе се земе критериумот да имаат положено само два испита помалку од вкупно предвидениот број на испити.

## IV. НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ

Студентите кои се пријавуваат на конкурсот, треба да го пополнат потребниот образец за **пријава** поставен на интернет страната https://mogila.gov.mk.

**Со Пријавата потребно е да се достават следните документи**:

- Потврда за редовно запишан зимски семестар за студиската 2020/2021 година;
- Уверение за положени испити од претходните години ( студентите од I година доставуваат фотокопија од свидетелства од I-IV година средно образование);
- Изјава на кандидатот дека не е корисник на друга стипендија;
- Изјава на кандидатот дека доставените документи се вистинити и податоците во нив се идентични со оние податоци внесени во пријавата;
- Изјава за користење и обработка на личните податоци на кандидатот , со која се сложува општина Могила по службена должност да ги обезбеди потребните документи од јавни институции со кои има склучено договори за соработка;
- Фотокопија од индекс.

## V. МЕСТО И РОК ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИ

Пријавата со потребните документи, кандидатите треба да ги достават во рок од 15 дена, а најдоцна до **24.12.2020 година,** на адреса: Општина Могила, ул. Димче Могилчето, бр.106 , во затворен плик, со назнака: „За Комисијата за спроведување на Конкурсот за доделување студентски стипендии“.

## VI. ВИСИНА НА СТИПЕНДИЈАТА

Висината на стипендијата ќе изнесува 2.500,00 денари месечно, за девет месеци во текот на студиската година.

## VII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Пријавите нема да бидат разгледувани ако доставената документација е:
-некомплетна и/или
-ненавремено доставена.

Списокот со избраните кандидати ќе биди објавен најдоцна до **10.01.2021** година на интернет страницата на Општина Могила.

Студентите кои ќе добијат стипендија ќе склучат договор со општина Могила со кој ќе се уредат меѓусебните права и обврски.

**Општина Могила**
**Градоначалник**
**Јасмина Гулевска**

**Во прилог на пријавата ја доставувам следната документација:**

1. Потврда за редовно запишан зимски семестар за студиската 2020/2021 година;

2. Уверение за положени испити од претходните години ( студентите од I година доставуваат фотокопија од свидетелства од I-IV година средно образование);

3. Изјава на кандидатот дека не е корисник на друга стипендија;

4. Изјава на кандидатот дека доставените документи се вистинити и податоците во нив се идентични со оние податоци внесени во пријавата;

5. Изјава за користење и обработка на личните податоци на кандидатот , со која се сложува општина Могила по службена должност да ги обезбеди потребните документи од јавни институции со кои има склучено договори за соработка;

6. Фотокопија од индекс.

# ИЗЈАВА

## (ја пополнува кандидатот)

Јас, ______________________________ од ___________________________________

(име и презиме на кандидатот)

со постојано место на живеење на ул. _________________________, бр. ______

ЕМБГ _______________ и број на лична карта _____________ издадена ___________ година во _____________, изјавувам под морална, материјална и кривична одговорност дека податоците прикажани во пријавата и приложената документација која се бараше согласно Конкурсот за доделување студентски стипендии за учебната 2020/2021 година, се идентични и вистинити.

___________ 2020 год.

**Изјавил,**

____________________

# ИЗЈАВА

## (ја пополнува кандидатот)

Јас, ______________________________ од ___________________________________

(име и презиме на кандидатот)

со постојано место на живеење на ул. ________________________, бр. ______

ЕМБГ _______________ и број на лична карта _____________ издадена ___________ година во _____________, изјавувам под морална, материјална и кривична одговорност дека не сум корисник на стипендија од други установи, институции или фирми.

___________ 2020 год.

**Изјавил,**

___________________

# ИЗЈАВА ЗА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

## Пополнува кандидатот

Јас ________________________________________, од

___________________________________

како субјект на лични податоци давам **СОГЛАСНОСТ** за користење и обработка на личните податоци потребни при пријавување на конкурс за доделување на студентска стипендија.

Изјавил,

__________________